Дирекција за финансиска стабилност и банкарска регулатива
Бр. 16 – 17674/1

Скопје, 18.5.2018 година

**До**
**сите банки**
**- на внимание на Управниот одбор**

Предмет: Барање за доставување податоци

Почитувани,

За потребите на редовните анализи на банкарскиот систем, ве молиме да ни ги доставите следниве податоци:

1. Структура на кредитната изложеност кон физички лица според одделни кредитни производи и според висината на месечните примања, со состојба на 31.3.2018 година (образец бр. 1);

2. Преглед на изворите на финансирање на банката од матичните субјекти, вклучително и поврзаните лица со нив, со состојба на 31.3.2018 година (образец бр. 2);

3. Податоци за износот на отпишаните побарувања и наплатените отпишани побарувања од физички лица, нефинансиски правни лица и останати нефинансиски лица, во првиот квартал од 2018 година, при што посебно се прикажуваат отпишаните побарувања врз основа на Законот за еднократно отпишување на долговите на граѓаните („Службен весник на Република Македонија", бр. 112/2014) (образец бр. 3);

4. Фреквенција на промена на каматните стапки на депозитите на физички лица во првиот квартал од 2018 година (образец бр. 4).

Исто така, во тек се подготвителни активности за претстојната ФСАП мисија која ќе се спроведе во втората половина од 2018. ФСАП е заедничка мисија на тимови на Светската банка и ММФ, чија основна цел е да ја оцени сигурноста и стабилноста на финансискиот систем, како и неговиот придонес во развојот и во економскиот раст. Во овие рамки, ФСАП мисијата спроведува стрес-тестови и врши анализи и оцена на системските ризици, на поврзаноста помеѓу одделните сегменти од финансискиот систем, финансиската инфраструктура, но ја оценува и супервизијата, регулативата, макропрудентната рамка, ефикасноста на банките, пристапот до услуги, итн. Оттука, за потребите на ФСАП мисијата, ве молиме да ги доставите следниве податоци:

5. Број на места за пристап до производите и услугите на банките (образец бр. 5);

6. Број на деловни единици (филијали и експозитури) (образец бр. 6);

7. Број на неактивни дебитни и кредитни картички (образец бр. 7);

8. Износ на обврски кон странски банки, според државата од каде потекнува странската банка и валутата во која гласат обврските, со состојба на 30.11.2008, 31.3.2013 и 31.3.2018 година (образец бр. 8);

9. Износ на орочени депозити, распоредени по децили, со состојба на 31.3.2018 година (образец бр. 9)

10. Износ на кредити коишто добиле нефункционален статус во текот на соодветниот квартал (образец бр. 10).

Ве молиме да ги доставите овие податоци до Дирекцијата за финансиска стабилност и банкарска регулатива по електронски пат на GeorgievskiM@nbrm.mk, најдоцна до 1.6.2018 година.

Обрасците доставени во прилог на овој допис можете да ги преземете од интернет-страницата на Народната банка на Република Македонија, во делот Супервизија/Извештаи, показатели, презентации и обрасци/Обрасци/Обрасци за банки.

За евентуални прашања при подготвувањето на бараните податоци, обратете се до Михајло Васков (тел.: 3108 129) и Петар Дебников (тел.: 3108 263).

Со почит,

Директор
Наташа Андреева